

## НИЕ ПОТРОШУВАЧИТЕ ИМАМЕ ПРАВО ДА ЗНАЕМЕ
## ЗАПОЗНАЈТЕ ГИ СВОИТЕ ПРАВА

# ДАЛИ ЗНАЕТЕ ДЕКА

1. Декларацијата на производите е задолжителна за секој производ и треба да биде напишана на македонски јазик и кирилско писмо, што не ја исклучува можноста за истовремена употреба и на другите јазици и знаци.
2. При купување на технички производи (апарати за домаќинство, машини, мотори и сл.) трговецот мора да ви ги даде документите за полесна и посигурна употреба на производот (декларација, гаранција-гарантен лист, упатство за користење на производот, упатство за склопување, список на овластени сервиси и сл.) и сите овие документи треба да бидат напишани на македонски јазик и кирилско писмо, што не ја исклучува можноста за истовремена употреба и на другите јазици и знаци.
3. Доколку производот сте го дале на сервис тој може да се сервисира најмногу 3 пати во рамките на гарантниот рок и доколку не се поправи имате право да барате замена со нов исправен производ или да ви се врати платениот износ за купениот производ.
4. Доколку трговецот ветува наградна игра рокот во кој треба да ја даде ветенета награда на потрошувачот изнесува 8 дена од завршувањето на наградна игра.
5. Продажната цената на производите и услугите треба да биде истакната на видно место на продажното место на кое се изложени производите и треба да биде дадена крајната цена во денари со вклучен ДДВ.
6. Доколку сте купиле производ со недостаток вие имате право по свој избор да барате: бесплатно да се отстрани недостатокот на производот или надомест на трошоците за отстранување на недостатокот; сразмерно намалување на продажната цената; замена на производот со соодветен производ со иста трговска марка, тип, индустриски дизајн; замена со соодветен производ со друга трговска марка, тип, индустриски дизајн; раскинување на склучениот договор, враќање на платениот износ и надомест за претрпена штета.
7. Доколку сте купиле производ кој не ви одговара по форма, големина, боја, модел или друга причина, можете да побарате од трговецот да ви го замени производот доколку производот не е употребуван, ги има фабричките етикети, ако е сочуван изгледот на производот, пломбите и имате фискална сметка за производот. Ова право можете да го остварите во рок од 15 дена од денот кога сте го купиле производот.
8. Доколку сметате дека купениот производ има недостаток, а трговецот не ги исполнува своите обврски согласно законот може да поднесете пријава до Државниот пазарен инспекторат (директно или преку веб страната на Државниот пазарен инспекторат www.dpi.gov.mk. -тел 3220 547).
9. За повеќе совети за вашите права како потрошувач можете да се обратите до Организација на потрошувачите на Македонија – ОПМ Скопје – тел 3179 592 или на www.opm.org.mk.

Министерство за економија
Република Македонија

ОПМ
ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Skopje City Mall